Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA

Дел. бр. 15-404/7
01-02-2022 година

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА
## на Центарот за управување со кризи

ДИРЕКТОР
Стојанче Ангелов

Скопје, февруари 2022 година

## 1. ПРОГРАМИ

Во Годишниот план на Центарот за управување со кризи за 2021 година беа предвидени активности за две стратешки програми од Стратешкиот план на Центарот за 2021-2023 година.

Стратешката програма:

**„ Управување со кризи“;**

Стратешката програма:

**,, Воспоставување на единствен комуникациско – информациски систем “.**

Во табеларниот приказ за стратешките програми се дадени податоци за нивно поврзување со стратешките приоритети и приоритетни цели на ВРСМ, како и приоритетите и приоритетните цели на Центарот, додека за мерките во потпрограмите се дадени активностите преку кои истите се реализираа, како и финансиски средства и одговорни организациски единици.

## 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ

2-1. Извештај за постигнатите резултати од Стратешката програма „ **Управување со кризи**“ и
Оценка на постигнатите резултати од спроведувањето на програмите и потпрограмите

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата за 2021 година**<br><br>Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ во 2021 година, Службен весник на РСМ, бр. 243 од 09.10.2020 **година** | ПРИОРИТЕТ:<br>**Член 1 алинеја 2 :**<br>справување со светската пандемија предизвикана од Коронавирусот COVID 19 ;<br>**Член 1 алинеја 3 :**<br>-успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;<br>**Член 1 алинеја 6 :**<br>- модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти;<br>**Член 1 алинеја 7:**<br>- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.<br>**ЦЕЛИ:**<br>- обезбедување на функционална интероперабилност по НАТО стандарди, подготовка за идните НАТО цели на способности и ефикасна реализација на одговорностите кои произлегуваат од учеството во колективната одбрана, кризниот менаџментот и кооперативната безбедност ;<br>-зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, развој на билатералните, регионалните и мултилатералните односи со членките на НАТО и Европската Унија и другите земји од Европскиот и вон-европскиот простор;<br>- квалитетно управување и координација на процесот на пристапување во Европската Унија и доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и другите правни акти кои ги регулираат билатералните односи со Европската Унија;<br>- активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици кон интересите на Република Северна Македонија, вклучувајќи го тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странски борци;<br>- спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција и |

| | |
|---|---|
| | контрола на реадмисијата и остварување на правото на азил;<br>- ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики стручна, професионална и департизирана администрација и одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите;<br>- дигитална трансформација при испораката на услугите за граѓаните и бизнисите развивање механизми за воспоставување на модерни технологии 5G технологии и развој на NGA инфраструктура;<br>- унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите;<br>- создавање вредности на толеранција, правичност, еднакви можност, признавање на различностите, во мултикултурализмот и интеркултурната комуникација;<br>- превенција-намалување на ризикот од природни непогоди и други несреќи и катастрофи; |
| **Поврзаност со приоритети и целите на Центарот за управување со кризи** | ПРИОРИТЕТ:<br>- Промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија и постигнување на интероперабилност согласно стандардите на НАТО;<br>- Континуирана меѓународна соработка во согласност со ратификуваните меѓународни договори;<br>- Јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи во областа на превенција, рано предупредување и подготовки;<br>- Целосна дигитализација на активностите во рамките на Системот за управување со кризи;<br>- Јакнење, подобрување и унапредување на институционални и административни капацитети во Центарот за управување со кризи и на субјектите во СУК;<br>- Целосно воспоставување на единствен систем за повикување во случај на итни и кризни ситуации Е-112.<br>ЦЕЛИ:<br>- Обучени административни капацитети за исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за управување со кризи:<br>- Подобрување на меѓународната и регионалната соработка;<br>- Подобрен квалите на услуги кон граѓаните и останатите засегнати |

| | |
|---|---|
| | странки:<br>- Имплементација на родовата рамноправност и обезбедување еднаков третман и можности.<br>- Имплементација на Европскиот број за итни повици Е-112, на целата територија на Републиката, во согласност со европските директиви и законодавство. |

| ***Програма - Управување со кризи* *Потпрограма - Стручно специјализирани обуки и вежби за управување со кризи*** | **Цел на програмата/потпрограмата** Организирање и спроведување на специјализирани обуки и вежби за вработените во ЦУК и учесниците во СУК | **Одговорен:** ОУЧР (другите сектори кои вршеле обука СМС, СОК) и номинирани претставници на субјектите во СУК |
|---|---|---|

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
|---|---|---|---|
| **ЕУ Проект: HELP - Интегриран оперативен центар за пружање меѓународна помош (Integrated Operations Center for Providing Humanitarian Assistance)** | **показател за успешност:**<br>Навремена имплементација на проектните задачи.<br><br>**појдовна основа:**<br>Потпишании договори со надворешни експерти.<br><br>**планиран резултат:**<br>Проектот HELP има за цел да го зголеми капацитетот и подготвеноста на хуманитарната помош во прекуграничната област заради ефективна и ефикасна превенција, ублажување и управување со ризици од катастрофи. | - спроведени 2 виртуелни состаноци со партнерите од проектот (Грција и Р.Северна Македонија) за динамиката на имплементирање на проектните задачи<br><br>- спроведен 1 состанок со физичко присуство со партнерите од проектот (Грција и Р.Северна Македонија) за динамиката на имплементирање на проектните задачи<br><br>-Реализирана вежба „ Беласица 21“ со партнерите од проектот и институциите од Системот за управување со кризи;<br><br>- По Решение од директор од страна на ЦУК во имплементација на овој проект се вклучени 12 учесници ( 10 мажи и 2 жени ). | - проектот е завршен заклучно со 31.10.2021 год. |
| **ЕУ Проект: J-CROSS - Заедничка** | Показател *за успешност:* | - спроведени 2 виртуелни | - проектот е завршен заклучно со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| прекугранична соработка за заштита на населението од природни непогоди и катастрофи предизвикани од човек (Joint Cross Border Cooperation for Securing Societies Against Natural and Man Made Disasters) | Навремена имплементација на проектните задачи.<br>**Појдовна основа:**<br>Потпишании договори со надворешни експерти.<br>**Планиран резултат:**<br>Проектот J-CROSS има за цел на долгорочен период да ги намали ризиците од природни катастрофи и катастрофи предизивикани од човек во регионите на Западна Македонија и Пелагонија и воедно искуствата стекнати од овој проект во иднина да се споделат со други прекугранични области. | состаноци со партнерите од проектот (Грција и Р.Северна Македонија) за динамиката на имплементирање на проектните задачи<br><br>-Спроведена обука со физичко присуство во РЦУК – Битола, за користење на DSS (систем за донесување на одлуки);<br><br>- По Решение од директор од страна на ЦУК во имплементација на овој проект се вклучени 12 учесници ( 10 мажи и 2 жени ). | 01.07.2021 год. |
| **НАТО проектот "Следна генерација на систем за командување и управување со инциденти" (Next – Generation Incident Command System / NICS)** | **Показател за успешност:**<br><br>**Појдовна основа:**<br><br>**Планиран резултат:**<br>Проектот NICS како веб-базирана комуникациска платформа, наменета е првенствено за подобрена ситуациона свест на тимовите за одговор при итни состојби и катастрофи, како и за поефикасна и поефективна соработка и меѓуагенциска интероперабилност во услови на итни состојби и катастрофи. | Во текот на 2021 година во рамки на проектот беа спроведени 11 тренинг сесии: основна обука, обука за обучувачи и наменска обука за учесници во симулациски и теренски вежби во земјата и во земјите од регионот.<br><br>Во 2021 година вкупно беа обучени 130 лица од институциите на Системот за управување со кризи, од кои 110 мажи, 20 жени, а 20% од обучените се од албанска националност. | - проектот е завршен заклучно со 31.10.2021 год.<br><br>Поддршката на проектот од страна на NATO SPS заврши на 31.10.2021 година, а одржливоста на системот продолжува во рамките на редовните активности пред се на Центарот за управување со кризи за заедничките активности како и одржливост во рамките на институциите во Системот за управување со кризи. |
| НАТО-ЕАДРЦЦ вежба „ Северна Македонија 2021" за справување со последици при катастрофи, | **Показател за успешност:**<br>Ефикасно спроведена и реализирана вежба.<br>**Појдовна основа:**<br>Потпишан Меморандум за | -Успешно беа вклучени сите релевантни субјекти од Системот за управување со кризи со цел ефикасно презентирање на капацитетите и ресурсите. | - вежбата се реализира во период од 20-24.09.2021 г.;<br>- до Владата на РСМ на секои 3 месеци се доставувани извештаи за процесот на организација и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | разбирање помеѓу Република Северна Македонија и НАТО ЕАДРЦЦ.<br>**Планиран резултат:**<br>Тестирање на националните капацитети за справување со кризи преку Системот за управување со кризи и користење на НИКС алатката | - Во вежбата учество зедоа околу 700 меѓународни и домашни учесници. | подготовка на вежбата. |
| **Проект MKFFIS „ Македонски информативен систем за шумски пожари "** | **Показател за успешност:**<br>Процесот на имплементација на МАKFFIS родолжи и во 2021 година во однос на воведените нови модули за превенција, рано предупредување и справување со поројни поплави, лизгање на земјиштето и ерозија на почвата.<br>**Појдовна основа:**Со воспоставувањето на овој систем Република Северна Македонија станува единствена земја во регионот која воспоставува високи стандарди во оваа област, по примерот на Европскиот информативен систем за шумски пожари (EFFIS) кој е воспоставен на ниво на Европска унија.<br>**Планиран резултат:**<br>Цел на овој проект е обезбедување на заедничка платформа за споделување на информации и податоци, базирана на современ веб-базиран Географски информациски систем (ГИС) во кој се поврзани сите институции, кои имаат надлежности во различни | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | фази од процесот на заштита од шумски пожари. | | |
| Проект ECO-DRR „Еко - базирани решенија во намалување на ризици од катастрофи“ | **Показател за успешност:**<br>- имплементација на планираните проектни активности;<br>- Online состаноци.<br>**Појдовна основа:**<br>Потпишан договор за проектот<br>**Планиран резултат:**<br>Цел на проектот е превенција, рано предупредување, справување со поројни поплави, лизгање на земјиштето и ерозија на почвата;<br>-Реализација на планот за проектните активности. | Се спроведува планот за проектните активности и координацијата и состаноците редовно се одржуват преку online платформа. | Дел од теренските активности се одложени поради пандемијата од COVID 19. |
| **Имплементација на планираните проектни активности од проектот “Сеопфатна процена на ризик на основните сервиси и транспортната инфраструктура - (Comprehensive RISK assessment of basic services and transport Infrastructure (CRISIS) со УКИМ-ИЗЗИС и сродни институции од Италија, Грција и Албанија.** | Во текот на 2021 година согласно проектните активности | Обезбедени од проектот | Сектор за аналитика, процени и стратешко планирање/д-р С. Стефаноски |
| **Годишен Оперативен план за имплементација на Втор** Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите Нации 1325 „Жени, мир и безбедност“ 2020-2025 – стратегиска рамка | **Показател за успешност:**<br>Навремена имплементација и реализација на активностите од Годишниот оперативен план во ЦУК<br>**Појдовна основа:**<br>Втор Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата | Во текот на 2021 година беше спроведена 1 обука за вкупно 2 лица од ЦУК, од кои 0 мажи, а 2 жени, по националност Македонки. | - до МО на секои 3 месеци, односно тримесечни, шестмесечни и годишни извештаи се испраќаат извештаи за процесот на реализација на активностите од оперативниот план на Вториот НАП. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на Обединетите Нации 1325 „Жени, мир и безбедност“ 2020-2025 – стратегиска рамка<br>**Планиран резултат:**<br>Изработка на Прв годишен извештај и реализација на планираните активности | | |
| **Реконструкцијата на објектот во Куманово, американската страна спроведе меѓународен тендер и во август 2021 година е избран оператор кој ќе го заврши реновирањето, со рок 25.07.2023 година.** | **Показател за успешност:**<br>Нашите очекувања се, доколку не произлезат неочекувани околности, и порано од рокот да се преземе комплетно реновиран и адаптиран за намената објект (Центар за обука со сместувачки капацитет, РЦУК Куманово и Е-112 Куманово). | На 18.11.2021 година Центарот за управување со кризи потпиша Договор за донација со Амбасадата на САД во реконструкција и адаптација на објектот во Куманово во износ од 525.880,91 долари. | |
| **Измена и дополна во правилниците за организација и систематизација на Центарот за обука** | **Показател на успешност;**<br>Изменети и дополнети Правилници за организација и систематизација<br>**Појдовна основа;**<br>Донесени Правилници во декември 2021<br>**Планиран резултат;**<br>Пополна со неопходен персонал и изработка на програма за работа на Центарот за обука. | Поради доцнењето со нивното донесување пополната и програмата за работа се репрограмирани за првиот квартал од 2022 година, кога треба да се изврши неопходна пополна со персонал на Секторот - Центар за обука за управување со кризи. | Воспоставувањето Центар за обука за управување со кризи беше вклучено во Програмата за работа на Владата во 2021 година. |

| Назив на програмата/потпрограмата<br>*„ Воспоставување на единствен комуникациско – информациски систем “.* | Цел на програмата/потпрограмата<br>Воспоставување на единствен европски број за итни повици Е-112 на територијата на Република Северна Македонија | Одговорен: Се наведува називот на организациската единица или лицето кое е одговорно за следење, прибирање на податоци и известување<br>**Душко Петровски** |
|---|---|---|

| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **Адаптација и реконструкција на шестте РЦУК -112 (Тетово, Штип, Битола, Струмица, Велес и Охрид);**<br><br>Набавка на Информатичко телекомуникациска опрема и средства за потребите на сите вработени во шестте горенаведени РЦУК 112;<br><br>Набавка на канцелариски мебел и опрема за подобрување на условите на работа во сите шест горенаведени РЦУК 112;<br><br>Изработка и донесување, усвојување на Правилник за систематизација на новоформираниот Сектор Е-112;<br><br>Изработка и доставување до | показател за успешност:<br>- завршена активност за адаптација и реконструкција на РЦУК 112;<br>- реализирани набавки на средствата и опремата;<br><br>појдовната основа:<br>- задача за исполнување и реализирани утврдени европски стандарди и услови за работа на вработените во Е-112;<br><br>планиран резултат:<br>- исполнување на европски стандарди во уредувањето, набавката на стредствата и опремата како и на просторот и избор на кандидати за вработени лица во новоформираниот Сектор 112 | - предвидените задачи и активности се нецелосно реализирани имајќи предвид дека делот од добиените финансиски средства беа добиени во ЦУК пред крајот на 2021 година;<br>- планираните активности и целосна реализација на проектот е предвидено да завршат до 11.02. 2022 година кога е предвидено и започнување со работа на Европскиот број за итни повици и затварање на проектот со Бонумстрад консалтинг – Унгарската компанија одговорна за Имплементација на целиот проект. Овој датум е земен за краен, како празник и Европски ден на телефонскиот број и служби за итни повици Е-112. | Се наведуваат евентуалните ризици кои влијаеле врз постигнување на резултатот<br>- **проектот е планиран да продолжи до негова целосна реализација и на втора фаза од истиот како во 2022 година така и во наредните неколку години.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада, усвојување и доставување на усвојување на Парламент на предлог текст од Измени и дополнување на Законот за управување со кризи;<br><br>Барање на нови вработувања со можноси за превземање од други органи на државната управа;<br><br>Распишување на јавен оглас - конкурс за вработување (на определено и на неопределено време)<br><br>Обуки и тренинзи на вработените лица во Секторот Е-112 (администратори на софтверот, обуки за обучувачи, обууки за примателии на повици) и други обуки и тренинзи; | | | |
| Учество и изработка на Стандардни оперативни процедури за функционирање на системот Е-112 | показател за успешност:<br>СОП се во тек и пред завршување на изработка<br><br>појдовната основа:<br>Уредување на организацијата и начинот на работа во Комуникација, координација и соработка на ЦУК, Е-112 со другите органи кои располагаат со броеви за итни повици (МВР, Министерството за здравство и територијалните еиници за | | СОП беше планирано е да бидат завршени во текот на 2021 година во соработка со Унгарската компанија задолжена за супервизија на имплементацијата како и Италијанската компанија задолжена за набавката, монтажата и обуката на новопримените лица во Секторот 112 до пуштањето во употреба на целиот проект но овие процедури ќе бидат донесени на почетокот од 2022 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | противпожарна заштита)<br>**Планиран резултат:**<br>Успешно завршен проект и релизирани заеднички утврдените задачи за организација и функционирање на Е-112 во Републиката. | | |

## ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| Мерки и активности ( од Годишниот план за работа ) кои биле планирани, а не биле спроведени | Образложение за причините поради кои мерките/активностите не биле спроведени | Оценка за влијанието врз постигнувањето на резултатите и целите на програмата/потпрограмата | Препорака за мерките кои треба да се преземат во наредниот циклус на планирање за да се обезбеди постигнување на резултатите и целите на програмата/потпрограмата |
| Годишен извештај за извршени ревизии и активности на внатрешна ревизија на Центарот за 2020 | Работното место внатрешен ревизор е испразнето и истото е непополнето. Побарано е пополнување од МИОА, согласно трансфер листа преку мобилност, но е добиен негативен одговор дека такви лице нема. | | |
| Годишен план за внатрешна ревизија за 2022 година | // | | |
| Стратешки план за внатрешна ревизија за период 2022-2024 година | // | | |
| Упатување на претставници на ЦУК во Мисијата на РСМ при НАТО Брисел, Белгија | Не е објавен интерен оглас и лицата не се упатени. | | Активноста е планирана за 2021 година. |
| Активности за воспоставување и модернизација на УКБ радио системите и системите за јавно тревожење на РЦУК во РСМ | За модернизација се потребни повеќе финансиски средства и потребно е да се планиран во наредниот буџет на ЦУК до целосната имплементација на Е-112 со предвидената втора фаза. | СУК нема резервен систем за комуникацијата (УКБ радио врски), кои како стандард на развиените земји е потребен при пат на мобилната и интернет комуникација. Системот за управување со кризи нема online функционален систем за јавно тревожење. | При имплементација на Европскиот број за итни повици Е-112, да се планираат и одобрат финансиски средства со што ќе се надгради Системот за управување со кризи со модерни комуникациски УКБ радио врски и Систем за јавно тревожење. |
| Планирање на техничко опремување на системот за КЗ-МКШ, кадровско | Поради недистиг на финансиски средства, за набавка на потребните | Функционален застарен систем на КЗ-МКШ | Набавка на средсва и спроведување на обука заради функционирање на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| пополнување и организирање обука. | средства за КЗ-МКШ, истиот е препланиран за 2021г.<br>Следствено на средствата, ќе се препланираат и потребните обуки -делумно спроведена,- (извршена) обука на 10 лица | | ссистем КЗ-МКШ, компактибилен со системите на НАТО . |

**2.2. Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата**

2.2. Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата

*ИНИЦИЈАТИВИ 2020*

***Информација за Изменување и дополнување на Законот за управување со кризи за 112.***

1. *Реализација на оваа иницијатива за измена и дополнување на законот за управување со кризи во делот на Е-112 е завршена во 2021 година.*

***Целосно и комплетно завршување на започнатиот Проектот за „Имплементација и воведување во употреба на Европскиот број за итни повици Е-112 во Република Северна Македонија“ со подршката од канцеларијата на ЕУ во Скопје;***

1. *Целосното завршување на проектот поради повеќе причини (ненавремено добивање на предвидените финансиски средства, не добивање согласност за прием и ново вработување на лица за работа во новоформираниот Сектор Е-112 ) е одложено за 2021 година со можно целосно завршување на проектот и во 2022 година (11.02.2022година).*

***Реализација на Проектот за модернизација и уредување на техничката исправност на Системот за тревожење во Република Северна Македонија;***

1. *Овој проект не е реализиран поради немање на финансиски средства во буџетот на ЦУК.*

***Информација за поддршка од САД во реконструкција на објект на Центарот за управување со кризи во Куманово, а со цел воспоставување Центар за обука***

1. Воспоставувањето Центар за обука за управување со кризи беше вклучено во Програмата за работа на Владата во 2021 година. На 103-та седница на Владата одржана на 31 август 2021 година Центарот беше задолжен до 31.12.2021 да направи измена и дополна во правилниците за организација и систематизација, да изврши пополна со неопходен персонал и да изработи програма за работа на Центарот за обука. Актите за организација и систематизација ја поминаа процедурата на донесување во декември 2021 година, поради доцнењето со нивното донесување пополната и програмата за работа се репрограмирани за првиот квартал од 2022 година, кога треба да се изврши неопходна пополна со персонал на Секторот - Центар за обука за управување со кризи.

*ИНИЦИЈАТИВИ 2021*

***Измена на Уредба за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената.***

1. *Во согласност со Годишната програма на Владата на РСМ за 2022 година, реализација на оваа Иницијатива е планирана за месец март 2022 година.*

***Информација за состојбата со Системот за тревожење и предлог за модернизација и набавка на нови сирени и систем за далечинско управување и командување со сирените***

1. *Овој проект не е реализиран поради немање на финансиски средства во буџетот на ЦУК.*

***Информација за состојбата со УКБ радио системот за известување, доведување во работа и исправна состојба како и набавка на нови радио репетитори и радио станици***

1. *Овој проект не е реализиран поради немање на финансиски средства во буџетот на ЦУК.*

***Информација за степенот на имплементација на Европскиот број за итни повици Е-112 во Републиката и наредни задачи и активности***

1. *Целосното завршување на проектот поради повеќе причини (ненавремено добивање на предвидените финансиски средства, не добивање согласност за прием и ново вработување на лица за работа во новоформираниот Сектор Е-112 ) е одложено за 2021 година со можно целосно завршување на проектот и во 2022 година (11.02.2022година).*

**2.3. Оценка на спроведувањето на други активности кои произлегуваат од надлежностите и работата на Центарот**

Преглед на подзаконската регулатива и други акти донесени од страна на директорот на Центарот, а кои се поврзани со законската регулатива утврдена од страна на Владата или со тековното работење на Центарот.

***Во 2021 година изготвени се:***

Во **Годишниот план за обука** на Центарот за 2021 година, во текот на 2021 година, вкупно 42 административни службеници посетиле стручни обуки од кои 10 жени и 32 мажи.

Во врска со службени патувања ( обуки ) во странство на лица вработени во ЦУК, во текот на 2021 година реализирани се 8 службени патувања, од кои 4 мажи и 1 жена. Согласно звањето и националност, состојбата е следна: 2 раководители на сектор ( 1 маж ( албанец ) и 1 ( маж ) македонец, 2 раководители на одделенија 1 маж ( македонец ) и 1 жена ( македонка ), 1 советник ( маж, македонец ) .

**Изработена е функционална анализа врз основа на која** во текот на 2021 година е извршена измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи при што се формирани нови организациони единици и тоа:

- Одделение за управување со човечки ресурси е формирано како Сектор за управување со човечки ресурси во чиј состав се две одделенија: Одделение за вработување, мобилност, службенички однос и информативен систем сврзан со човечки ресурси и Одделение за мотивација, меѓучовечки односи, оценување, стручно оспособување и усовршување;
- Сектор Е-112 во чиј состав се две одделенија: Одделение за управување со повици кон – 112 и Одделение за обезбедување квалитет на Секторот Е- 112;
- Во Сектор за операции и координација се додава ново одделение: Одделение за организирање на систем за командување со инциденти – NIKS;
- Сектор – Центар за обука за управување со кризи во чиј состав се две одделенија: Одделение за планирање, подготовки и анализа на обуки за управување со кризи и Одделение за спроведување на обуки за управување со кризи – Куманово.
- Спроведен Систематски здравствен преглед на вработените во Центарот за управување со кризи во текот на 2021 година.

**Административно-стручна поддршка при организација при одржување на седници на Управувачки комитет**, обезбедена е административно-стручна поддршка при организација при одржување на седници на Управувачки комитет за одржани 11 седници.

**Административно-стручна поддршка при организација при одржување на седници на Група за процена**, обезбедена е административно-стручна поддршка при организација при одржување на седници на Група за процена за

одржани 7 седници.

**Административно-стручна поддршка при организација при одржување на седници на Главен Штаб**, обезбедена е административно-стручна поддршка при организација при одржување на седници на Главен Штаб за одржани 30 седници

**Формулирање на Одлуката за активирање на Главниот штаб со цел за постојано - континуирано заседавање на штабот**, извршено е вкупно 4 ( четири ) пати кога е прогласена кризна состојба ( за мигранти, Ковид 19, пожари и електроенергетска кризна состојба ).

Во **Годишниот план за јавни набавки** на Центарот за 2021 година, од вкупно 42 ставки за постапка за јавна набавка на стоки, услуги и работи, реализирани се 39. Извршени 4 измени и дополни на Планот за јавни набавки. Навремено отпочнати и реализирани постапки, потпишани договори за јавни набавки и извршени измени согласно предвидената динамика и доставените Барања за Одлука за јавна набавка од страна на овластените лица.

Нереализирани јавни набавки заради недоставени барања од страна на овластените лица.

Изработено **Решение за внатрешна распределба на одобрениот буџет за 2021 година**. и 17 изменети Решенија за внатрешна распределба на вкупниот одобрен Буџет за 2021 година на Центарот.

Во **Годишниот и квартален финансиски план за 2021 година,** изработени 4 основни годишни и квартални финансиски планови за основната и донаторските сметки согласно законски квартални рокови, и изработени се дополнителни 14 измени на годишен и квартални планови по разни основи.

Во **Годишната завршна сметка на ЦУК за 2021 година**, изработена годишна завршна сметка за вкупно 5 сметки – основна, приходна и 3 донаторски.

**Фискална стратегија на Центарот за период од 2022-2026 година,** Испратени податоци до МФ за Фискална стратегија 2022-2026 заедно со проекции на приходи и расходи со образложение со бр. 11/1-785/2 на 31.03.2021 година.

**План на архивски знаци со листа на архивски и документарен материјал за 2021 година на ЦУК**, доставен и одобрен од Државен архив на РСМ;

**Листа на архивски материјал за 2021 година на ЦУК,** доставен и одобрен од Државен архив на РСМ;

**Листа на документарен материјал со рокови на негово чување за 2021 година на ЦУК**, доставена и одобрена од Државен архив на РСМ;.

**Архивскиот материјал од документарниот материјал со траен карактер од трајна вредност за 2021 година,** издвоен и до 31 март 2022 треба да се достави до Државен архив на РСМ на одобрување.

**Годишен план за работа на Одделението за инспекциски надзор при Центарот**, од предвидени 100 надзори, реализирани се 165 надзори.

**Шестмесечен извештај за работа на Одделението за инспекциски надзор**, од јануари-јуни од предвидени 52 надзори, реализирани 73 и од јули-декември од предвидени 48 , реализирани 89.

**До Секретаријат за европски прашања** доставен е пишан материјал за напредокот на институцијата (во однос на имплементација на препораките од Европската Комисија). Овој извештај, обединет од сите релевантни институции од РСМ, се презентира пред Поткомитетот за животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Комисија и Република Северна Македонија. Материјалот се испраќа еднаш годишно, секој февруари месец во тековната година.

**До Секретаријат за европски прашања** доставен е пишан материјал за напредокот на институцијата (во однос на хармонизација на ЕУ легислатива). Овој документ се нарекува НПАА или Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија. Документот се ажурира еднаш годишно, во месец ноември во тековната година.

**Информација кон Влада и МО** за напредокот на субјектите од СУК во делот на цивилната подготвеност, СОК дава допринос два пати годишно ( јануари и јуни во тековната година ) .

**24/7 следење на состојбите, случените настани и појави и известување на соодветните субјекти на УК и управувачките тела на ЦУК (УК, ГП, ГШУК и РШУК)**, изработени 365 редовни информации, 97 вонредни информации и 52 неделни наменски до субјектите во СУК по посебен список, околу 200 информации на национално ниво и неколку илјади информации на локално ниво за констатирани состојби, случени настани и појави на локално ниво.

СОК преку контролираното функционирање во прифатните транзитни центри (Куманово-Табановце и Винојуг-Гевгелија) и издавањето на пропусници ( постојани кои се обновуваат со прогласување и продолжување на кризна состојба и дневни кои се издаваат согласно потребата за задржување во Транзитниот центар, Табановце издадени вкупно 112 пропусници и Винојуг вкупно 191 пропусница) за движење и работа во кризните подрачја (ПТЦ), дава директен придонес кон приоритетната цел на Владата, односно спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција и контрола на реадмисијата и остварување на правото на азил.

**“Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности“** и **“Процените на загрозеност на подрачјата на општините и градот Скопје од сите ризици и опасности“**, согласно Законот за управување со кризи и Уредбата, редовно се ажурираат и овие процеси континуирано се реализирани во тековната 2021 година. Донесени се одлуки од страна на Советите на општините и Град Скопје. Временската динамика беше делумно забавена заради настанатата ситуација со КОВИД 19.

**Стратешки план за 2021-2023 година на Центарот**, изработен и доставен до ГС на Влада на РСМ и објавен на ВЕБ страната на Центарот.

**Годишен план за работа на Центарот за 2021 година**, изработен и објавен на ВЕБ страната на Центарот.

**Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Центарот за 2020година**, изработен и доставен до ГС

на Влада на РСМ и објавен на ВЕБ страната на Центарот.

**Изработени и доставени 4 ( четири ) иницијативи-информации до Генерален секретаријат на Влада на РСМ.**

**Извршен е редовен попис на средствата и на изворите на средствата на Центарот со состојба на 31.12.2021 година** и тоа на: основни средства; залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар; и парични средства и хартии од вредност на сметките на Центарот за управување со кризи и во благајните и побарувања и обврски, согласно донесеното Решение за спроведување на попис во ЦУК.

**НАП 2021** - изработени и доставени два извештаи (шест месечен и прв годишен извештај) до Министерство за одбрана за степен на реализација на Годишниот оперативен план за имплементација на Втор Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Обединетите Нации 1325 „Жени, мир и безбедност" 2020-2025 – стратегиска рамка.

3. РАЗВИВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

**Преглед од влијанието на управувањето со човечките ресурси содржи извештај за:**

- Во Центарот за управување со кризи во работно место советник за оценување, стручно оспособување и усовршување со работна задача „ја извршува улогата на координатор за еднакви можности на жените и мажите и спроведува и предлага посебни и позитивни охрабрувачки и програмски мерки за еднакви можности на жените и мажите во Центарот за управување со кризи согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите„ е уредена материјата од Законот за еднакви можности на мажите и жените. Работното место е пополнето.
- Согласно Законот за класифицирани информации член 61, Центарот нема определено овластено лице за ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации. Истите ги извршува виш соработник со времено упатување и со Решение за овластување од страна на директорот.
- Согласно Законот за заштита на лични податоци во Центарот е определен офицер за заштита на лични податоци.
- Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во Центарот е назначено лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција.
- Согласно Законот за воведување на систем за управување со квалитет и заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба во Центарот нема утврдено работно место и задача во Правилникот за систематизација кое го координира процесот на воведување на стандардите и инструментите за управување со квалитетот, но со Решение за номинирање на претставник на раководството за квалитет во ЦУК од страна на директорот е номинирано лице кое ги извршува доделените работни задачи од оваа област.
- **Во текот на 2021 година нововработени со Договор на определено време се вкупно 41 административни службеници** од кои 15 жени ( 14 македонки на работни места со звање: 2 советник, 2 виш соработник, 4 помлади соработници, 1 самостоен рефрент, 5 помлад референт и 1 албанка - 1 помлад референт) и 26 мажи ( 18 македонци со звање: 1 советник, 4 помлад соработник, 4 самостоен референт, 9 помлад референт и 8 албанци со звање 1 советник, 1 соработниик, 2 самостоен референт и 4 помлад референт).
- **Преземени со спогодба за трајно вработување од друг орган се вкупно 30 административни службеници** од кои 13 жени: ( 8 македонки со звање: 1 советник, 1 соработник, 1 помлад соработник, 5 самостоен референт, 1 албанка со звање помлад соработник, 2 турчинки со звање помлад соработник, 1 ромка со звање помлад соработник и 1 помлад референт други националности) и 17 мажи: ( 11 албанци на работни места со звање: 7 помлад соработник, 4 помлад референт, 2 турци со звање: помлад соработник, 2 роми со звање: 1 помлад соработник, 1 помлад референт, 2 македонци со звање: 1 помлад референт и 1 работник).
- Унапредени се вкупно 45 административни службеници. Од вкупниот број унапредени 11 се жени од кои 6

македонки на работно место со звање: 1 државен советник, 1 раководител на сектор, 1 помошник раководител на сектор, 1 раководител на одделение, 2 советник, 1 турчинка на работно место со звање самостоен референт и 4 албанки со звање: 1 раководител на одделение и 3 советници, и 34 мажи од кои 24 македонци на работно место со звање: 2 државни советници, 1 раководител на сектор, 1 помошник раководител на сектор, 1 раководител на одделение, 16 советници, 1 виш соработник, 1 самостоен референт, 1 работник, 8 албанци на работно место со звање: 3 советници, 1 виш соработник и 4 самостојни референти, 2 турци со звање самостоен референт.

## 4. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

**Стратегија за управување со ризици**

Во Центарот за управување со кризи согласно Одлука на Влада има изработено Стратегија за управување со ризици 2016-2025 година. Истата е потребно да се ажурира со формирање на работна група во рамки на ЦУК – процес кој треба да го покрене раководниот орган.

Исто така, со Стратегијата, ЦУК има изготвено Регистар на управување со ризици кои произлегуваат од Процедурите изработени во ЦУК. Истиот е потребно да се ажурира со нови ризици од страна на раководителите на сектори/самостојни одделенија.

Воглавно утврдените ризици имаат рејтинг на низок ризик, односно во тековната година се надгледувани и за нив се превземани соодветни мерки кои ја сведуваат нивната веројатност за настанување и нивното влијание на минимум. При преоценувањето на ризиците е констатирано дека при добивањето на мислење во електронска форма/усно без доставен допис од страна на надлежен орган рејтингот на ризик е на средно ниво. Во тековната година во Центарот се одржува ризикот на прифатливо ниво.

**Ризик:** Ненавремена достава на стручно мислење по барање од организациона единица.

**Спроведена мерка:** Поголема интерна комуникација како предизвик во нареден период.

**Систем за управување со квалитет**

За реализација, имплементација и воведување на стандардот за управување со квалитет, треба да бидат опфатени сите сектори и самостојни одделенија во Центарот за управување со кризи. Потребно е да се отпочне со активности за имплементација на ИСО стандардот 9001:2015. Директорот на Центарот со Решение треба да определи работна група која во соработка со координаторот за имплементација на стандардот за управување со квалитет ќе бидат ангажирани во овој процес. Процесот треба да се реализира во соработка со консултативна куќа сертифицирана за имплементација и воведување на стандардот за управувањње со квалитет и негово сертифицирање од независно сертифицирано тело.

Согласно горенаведеното, ажурирањето на Системот за управување со квалитет е директно поврзано со

отпочнувањето на имплементацијата на ИСО Стандардот 9001:2015.

**Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори изработена 2021 година:**

Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во субјектите во Системот за управување со кризи, се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Одделението за инспекциски надзор во Центарот за управување со кризи и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во Системот за управување со кризи.

Оваа методологија се однесува на сите субјекти кои се предмет на инспекциски надзор, а се применува од страна на инспекторите од Одделението за инспекциски надзор во Центарот за управување со кризи.

## 5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Во однос на мерките предвидени во двете стратешките програми, оценка е дека е забележан висок степен на реализација

При спроведување на Иницијативите, се наметна потребата од дополнителни активности поради настанатата ситуација со КОВИД 19 и реформските процеси на национално ниво.

Во делот на мерките и активностите од тековното работење, забележеан е висок степен на реализација.

Постигнат напредок во делот на подигање на знаењето за принципите на родовата еднаквост, застапеност и вклучување на родовите перспективи со изработка на родово разделени статистички податоци.

Постигнат напредок во делот на подигање на знаењето за правична застапеност, со изработка на родово разделени статистички податоци.

Врз основа на оценките изнесени во претходните поглавја, би можело да се даде заклучок дека степенот на постигнување на резултатите и спроведувањето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа, како и целокупното рабогење на Центарот е на средно ниво. Позначителни отстапувања во однос на реализацијата на Стратешкиот план и Годишниот план за работа на Центарот не се забележани. Се дава препорака да се продолжи со посветеноста при планирањето и следењето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа и во наредниот период.

Изработил:Благица Илиоска

Прегледал: Трајче Јовановски

Одобрил: д-р Стевко Стефаноски